# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

27 Мај 2013
Скопје
Број 7, година VIII
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Мај 2013 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Заклучок за усвојување на
Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2013 година
- К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода,
- К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на
Општина Кисела Вода, - К3-квартален извештај за промените
на состојбата за секое задолжување на Општината

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2013 година - К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода, - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на Општината, усвоени на седницата на Советот на општина Кисела Вода одржана на 23.05.2013 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број 08-3558/1
27.05.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и “Службен гласник на општина Кисела Вода” бр.13/06), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, 96/04 и 67/07), расправајќи по Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2013 година - К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода, - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на Општината, Советот на општина Кисела Вода на Третата пленарна седница одржана на 23 мај 2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2013 година - К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода, - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на Општината

1.Се усвојуваат Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2013 година - К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода, - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на Општината.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на општина Кисела Вода и Секторот за финансиски работи.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во”Службен гласник на општина Кисела Вода”.

Број 07-3414/3
23 мај 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Одлука за основање на
Урбана заедница ,,Расадник,,

1. Се објавува Одлуката за основање на Урбана заедница ,,Расадник,, донесена на седницата на Советот на општина Кисела Вода одржана на 23.05.2013 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број 08-3558/2
27.05.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец Алексиќ с.р.

Врз основа на член 82 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 137, 138, 139, и 140 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), и член 3, 4, 5, 6 став 1 и 7 од Правилата за работа на урбаните и месните заедници во Општина Кисела Вода (Број 07-4079/2 од 26.06.2007 година), Советот на Општина Кисела Вода на Третата пленарна седница одржана на 23 мај 2013 година, донесе

О Д Л У К А
за основање на Урбана заедница “Расадник”

**Член 1**

Во Општина Кисела Вода, врз основа на Иницијатива за основање на урбана заедница од над 10% од граѓани - жители на подрачјето на Општината кои имаат интерес за основање на облик на месна самоуправа, се основа Урбана заедница „РАСАДНИК“.

**Член 2**

Урбанaта заедница „РАСАДНИК“ се основа на подрачјето:

- **ОД СЕВЕРОИСТОК ДО ЈУГОИСТОК**: границата се движи од спојот на Бул.Борис Трајковски и Ул.Народни Херои, КП 6798/1 односно КП 6825 КО Кисела Вода 1 долж Ул.Народни Херои до спојот на Ул.Сава Ковачевиќ и Ул.Народни Херои, КП 6800/1 КО Кисела Вода 1;
- **ОД ЈУГОИСТОК ДО ЈУГОЗАПАД**: продолжува од спојот на Ул. Сава Ковачевиќ и Ул.Народни Херои, КП 6800/1 КО Кисела Вода 1 долж Ул.Сава Ковачевиќ КП 2784/1 Кисела Вода 1 до спојот на раскрсницата на Ул.Сава Ковачевиќ, Ул.14 Декември и Ул.Новопроектирана 1 КП 6851/1 КО Кисела Вода 1;
- **ОД ЈУГОЗАПАД ДО СЕВЕРОЗАПАД**: продолжува од спојот на раскрсницата на Ул.Сава Ковачевиќ, Ул.14 Декември и Ул.Новопроектирана 1 КП 6851/1 КО Кисела Вода 1 долж Ул.Новопроектирана 1се до КП 4097/1 Кисела Вода 1, потоа скршнува кон северозапад преку КП 2940/1 КО Кисела Вода 1се до КП 6798/2 КО Кисела Вода 1 и КП 6798/1 КО Кисела Вода 1 на спојот на Ул.Новопроектирана 1 и Бул.Борис Трајковски;
- **ОД СЕВЕРОЗАПАД ДО СЕВЕРОИСТОК**: продолжува од спојот на Ул.Новопроектирана 1 и Бул.Борис Трајковски од КП 6798/2 КО Кисела Вода 1 и КП 6798/1 КО Кисела Вода 1 се протега долж Бул.борис Трајковски се до спојот на Бул.Борис Трајковски и Ул.Народни Херои КП 6825, КО Кисела Вода 1.

**Член 3**

Општина Кисела Вода преку Секторот за месна самоуправа и општествени организации ќе обезбеди адекватен простор и средства за функционирање на Урбаната заедница ,,Расадник,,.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 07-3414/4
23 мај 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

## С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2013 година - К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода, - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на Општината;..............................................3

2. Одлука за основање на Урбана заедница ,,Расадник,,............................................................5